# ЕВН ХОМЕ ДОО СКОПЈЕ

**4917.**

Врз основа на член 29 став (5) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 236/22), а согласно со член 14 став (5) од Тарифниот систем за продажба на електрична енергија на потрошувачите кои ги снабдува универзалниот снабдувач и снабдувачот во краен случај ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.246/23), ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје Друштво за обезбедување на универзална услуга за снабдување со електрична енергија донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ПРОДАЖНИ ЦЕНИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА НА ПОТРОШУВАЧИ КОИ ГИ СНАБДУВА УНИВЕРЗАЛНИОТ СНАБДУВАЧ ЕВН ХОМЕ ДОО СКОПЈЕ

1. Максималниот дозволен приход (MAR) за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија на потрошувачи на електрична енергија кои ги снабдува универзалниот снабдувач за период од 1 јануари 2024 година до 30 јуни 2024 година, е утврден да изнесува 8.690.777.460 денари, за испорачани 1.976.521.465 kWh електрична енергија.

2. Просечната цена за продажба на електрична енергија за периодот од точка 1 на оваа одлука, се утврдува да изнесува 4,3970 ден/kWh за планирана испорака од 1.976.521.465 kWh електрична енергија.

3. Во согласност со максималниот дозволен приход утврден во точка 1 на оваа одлука, цените на пресметковни елементи врз основа на кои потрошувачите ја плаќаат испорачаната електрична енергија изнесуваат:

3.1. За категорија на потрошувачи мали потрошувачи

| Пресметковна величина | Единица | Период на оптоварувања | Коефициент | Цени на пресметковни елементи (ден/kWh) |
|---|---|---|---|---|
| електрична енергија | ден/kWh | ВТ | 2,7147 | 11,9364 |
| | | НТ | 1,9976 | 8,7834 |

3.2. За категорија на потрошувачи домаќинства

| Пресметковна величина | Период на оптоварувања | Гранични вредности на блокови (kWh) | Коефициент | Цени на пресметковни елементи (ден/kWh) |
|---|---|---|---|---|
| електрична енергија | ВТ1 | ≤ 210 | 0,9610 | 4,2255 |
| | ВТ2 | 211– 630 | 1,1990 | 5,2720 |
| | ВТ3 | 631 – 1050 | 1,5720 | 6,9121 |
| | ВТ4 | > 1050 | 3,9400 | 17,3242 |
| | НТ | / | 0,3985 | 1,7522 |

Бр. 02-1000/1
22 декември 2023 година
Скопје

ЕВН Хоме ДОО
Управител,
м-р **Јирген Флајшхакер**
Управител,
**Сашо Стојкоски,** с.р.